**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

# НАСОКИ ЗА КОМПЈУТЕРСКО ПОЛАГАЊЕ НА ТЕСТ ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК СОГЛАСНО НАТО СТАНДАРДОТ СТАНАГ 6001

Изработиле:

Специјалисти за јазично тестирање

м-р Маја Ѓуровиќ
Владимир Трпкоски
Алкмина Димова-Стоименова

Скопје, март 2021

# Содржина

1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ ..... 3
1.1. ВОВЕД ..... 3
1.2. ЦЕЛНА ГРУПА ..... 3
2. ДЕЛОВИ НА ТЕСТОТ ..... 4
2.1. ВЕШТИНА ЧИТАЊЕ ..... 4
2.2. ВЕШТИНА СЛУШАЊЕ ..... 6
2.3. ВЕШТИНА ПИШУВАЊЕ ..... 7
2.4. ВЕШТИНА ЗБОРУВАЊЕ ..... 8
3. ИНФОРМАЦИИ ЗА ПОЛАГАЊЕ НА ТЕСТОТ ..... 9
3.1. ПРИЈАВУВАЊЕ ЗА ТЕСТИРАЊЕ ..... 9
3.2. ДОЛЖНОСТИ НА КАНДИДАТИТЕ ..... 9
3.3. ИЗВЕСТУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ТЕСТИРАЊЕТО ..... 10
4. СОВЕТИ ЗА САМОСТОЈНО УЧЕЊЕ, ПОДОБРУВАЊЕ ИЛИ ОДРЖУВАЊЕ НА СТЕКНАТОТО НИВО НА ВЕШТИНИТЕ ..... 11
4.1. ВЕШТИНА ЧИТАЊЕ ..... 11
4.2. ВЕШТИНА СЛУШАЊЕ ..... 13
4.3. ВЕШТИНА ЗБОРУВАЊЕ ..... 15
4.4. ВЕШТИНА ПИШУВАЊЕ ..... 17
ПРИЛОГ 1. ПРЕГЛЕД НА СКАЛАТА СТАНАГ 6001 ..... 19
ПРИЛОГ 2. ОПИС НА ВЕШТИНАТА ЧИТАЊЕ ..... 24
ПРИЛОГ 3. ОПИС НА ВЕШТИНАТА СЛУШАЊЕ ..... 26
ПРИЛОГ 4. ОПИС НА ВЕШТИНАТА ПИШУВАЊЕ ..... 28
ПРИЛОГ 5. ОПИС НА ВЕШТИНАТА ЗБОРУВАЊЕ ..... 29
ПРИЛОГ 6. ПРИМЕР ПРАШАЊА ЗА ТЕСТОТ ЗА ВЕШТИНАТА ЗБОРУВАЊЕ ..... 31
ПРИЛОГ 7. ПРИГОВОР НА РЕЗУЛТАТ ..... 32

# 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

## 1.1. ВОВЕД

Овој документ има за цел да ги запознае кандидатите со структурата и содржината на СТАНАГ 6001 тестот, со процедурите за компјутерско полагање на тестот, должностите на кандидатите пред и за време на компјутерското тестирање, а преку советите за самостојно учење, подобрување или одржување на стекнатото ниво да им помогне да се подготват за тестирањето.

СТАНАГ 6001 тестот го оценува општото и севкупното владеење на англискиот јазик на кандидатите без оглед на каква било претходна подготовка и јазична обука која ја имале на работното место или надвор од него. Резултатите постигнати на СТАНАГ 6001 тестот се неспоредливи со резултати кои ги добиваат кандидатите на други тестови (ALCPT, ECL, IELTS, TOEFL, BULLATS, APTIS и сл.) и се независни од нив.

Во Република Северна Македонија се спроведува тестирање за нивоата 1, 2 и 3 согласно скалата СТАНАГ 6001 (Прилог бр. 1). СТАНАГ 6001 тестот може да биде едностепен, двостепен и/или повеќестепен. Тестот е поделен во 4 дела кои соодветно ги тестираат четирите вештини: слушање, зборување, читање и пишување. Тестовите за читање, слушање и пишување се спроведуваат преку компјутер со употреба на прилагоден софтвер. Секој кандидат ќе добие посебна верзија на тестот. Тестот за зборување се спроведува во форма на интервју.

Владеењето на вештините се означува со формат на оценка со 4 цифри и се однесуваат на вештините по следниот редослед: слушање, зборување, читање и пишување. На овој формат на оценка му претходи кодот СЈП што означува дека прикажаниот профил е стандардизиран (С) јазичен (Ј) профил (П). На пример, СЈП 3321, значи ниво 3 за слушање, ниво 3 за зборување, ниво 2 за читање и ниво 1 за пишување. Во одделни случаи може да се користи и ознаката плус (+) за да се покаже ниво на способност кое е повисоко од нивоата дефинирани во скалата од 0 до 3, но не ги исполнува сите критериуми за следното повисоко ниво.

Со уверение се стекнуваат сите кандидати кои ќе ги исполнат минималните критериуми за постигнување ниво по сите четири вештини. За ниво 0+ не се издава уверение. За меѓународна употреба, т.е. работа во меѓународна средина каде работниот јазик е англискиот, уверението има важност од 3 (три) години. За лицата упатени на работа во меѓународна средина кои поседуваат уверенија чија важност истекува за време на упатувањето, уверенијата ќе имаат важност до завршувањето на нивното упатување во странство. За национална употреба (распоредување на работно место, унапредување во повисок чин/звање, посетување обуки, курсеви, семинари, итн.), уверението има важност од 5 (пет) години.

## 1.2. ЦЕЛНА ГРУПА

СТАНАГ 6001 тестот е наменет за:

- воен и цивилен персонал од Армијата на Република Северна Македонија и административни службеници од Министерството за одбрана кои се упатуваат на работа во меѓународна средина каде работен јазик е англискиот;
- воен и цивилен персонал од Армијата на Република Северна Македонија и административни службеници од Министерството за одбрана чии работни места

налагаат соработка со силите на НАТО во доменот на воени операции, вежби и обуки, или пак комуникација и соработка со НАТО штабови или други мултинационални команди;
- офицери планирани за унапредување во чин мајор и повисоко за што задолжително е познавање на најмалку еден од службените јазиците во употреба во НАТО, на најмалку ниво 2.2.2.2. по СТАНАГ 6001;
- воен и цивилен персонал од Армијата на Република Северна Македонија и административни службеници од Министерството за одбрана кој треба да биде упатен на обуки, образование или специјализација во мултинационална средина каде што работен јазик е англискиот;
- лица од други државни институции кои засноваат работен однос на неопределено време во Министерството за одбрана со преземање заради упатување во хуманитарни и меѓународни операции, НАТО мисии и операции и во примената на правото на индивидуална или колективна самоодбрана, операции за кризен менаџмент и кооперативна безбедност и команди, штабови и воени единици на меѓународни организации во странство и на територијата на Република Северна Македонија;
- питомци од четврта година од Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“, и
- слушатели по англиски јазик по завршување на обуката по англиски јазик.

## 2. ДЕЛОВИ НА ТЕСТОТ

### 2.1. ВЕШТИНА ЧИТАЊЕ

Компјутерското тестирање за вештината читање е полу-адаптивно и ги опфаќа нивоата 1, 2 и 3. Тестот се состои од секции со 10 или 20 задачи. Задачите во секоја секција се на исто ниво. Секоја секција ја има истата тежина како и другите секции за истото ниво.

Секцијата функционира како мини тест, а прикажаното знаење на кандидатите на секоја секција ќе резултира во еден од трите исходи:

*Прва фаза*

- кандидатот може да го одржи нивото и ќе добие секција за повисоко ниво;
- кандидатот не може да го одржи нивото и ќе добие секција за пониско ниво;

*Втора фаза*

- потребни се повеќе информации за кандидатот за што ќе добие друга секција од исто ниво.

Откако ќе се соберат доволно информации за да се додели минималното владеење (нивото каде што кандидатот го одржува знаењето) и максималното владеење (нивото каде што се појавуваат знаци на пад во знаењето), тестот ќе заврши. Бројот на секции во даден тест е најмалку две, а најмногу три (или минимум 30 задачи, а максимум 40), со максимална должина на тестот до 120 минути.

Задачите се со повеќекратен избор и/или со поврзување. Секоја задача со повеќекратен избор се состои од кратка ориентација, текст, прашање и четири опции (Слика 1).




Слика 1

Секоја задача со поврзување се состои од инструкции, четири текста и прашање со шест опции (Слика 2).




Слика 2

**Забелешка:** По обележувањето на одговорот и притискањето на копчето „продолжи“, кандидатот не може да се врати и да го смени одговорот на задачата. Кандидатот може да ја прескокне задачата без да даде одговор и да продолжи на следната задача. Откако ќе заврши последната задача од секцијата, кандидатот повторно ќе добие уште една можност да ги одговори прескокнатите задачи.

Оценувањето за оваа вештина е автоматско и кандидатот ќе ја добие оценката веднаш по завршувањето на тестот.

Повеќе примери на демо тестови ќе најдете на следниот линк: http://demo.mod.gov.mk/Demo

Потребните информации за содржината, темите, задачите, видовите текстови и итн. кои ги опфаќа вештината читање ќе ги најдете во Прилог бр. 2.

## 2.2. ВЕШТИНА СЛУШАЊЕ

Компјутерското тестирање за вештината слушање е полу-адаптивно и ги опфаќа нивоата 1, 2 и 3. Тестот се состои од секции со 10 или 20 задачи. Задачите во секоја секција се на исто ниво. Секоја секција ја има истата тежина како и другите секции за истото ниво.

Секцијата функционира како мини тест, а прикажаното знаење на кандидатите на секоја секција ќе резултира во еден од трите исходи:

*Прва фаза*

- кандидатот може да го одржи нивото и ќе добие секција за повисоко ниво;
- кандидатот не може да го одржи нивото и ќе добие секција за пониско ниво;

*Втора фаза*

- потребни се повеќе информации за кандидатот за што ќе добие друга секција од исто ниво.

Откако ќе се соберат доволно информации за да се додели минималното владеење (нивото каде што кандидатот го одржува знаењето) и максималното владеење (нивото каде што се појавуваат знаци на пад во знаењето), тестот ќе заврши. Бројот на секции во даден тест е најмалку две, а најмногу три (или минимум 30 задачи, а максимум 40), со максимална должина на тестот до 80 минути.

Секоја задача со повеќекратен избор се состои од кратка ориентација, аудио/видео извадок, прашање и три или четири опции (Слика 1).




Слика 1

Секоја задача со поврзување се состои од инструкции, аудио/видео извадок и прашање со пет опции (Слика 2).




Слика 2

**Забелешка:** По обележувањето на одговорот и притискањето на копчето „продолжи“, кандидатот не може да паузира, да се врати и да го смени одговорот на задачата. Сите аудио/видео извадоци што кандидатот ќе ги добие на тестот се слушаат само еднаш. Кандидатот може да ја прескокне задачата без да даде одговор и да продолжи на следната задача. Но, прескокнатите задачи не се повторуваат и не се заменуваат со други дополнителни задачи за истото ниво, и затоа е препорачливо да се одговорат сите задачи.

Оценувањето за оваа вештина е автоматско и кандидатот ќе ја добие оценката веднаш по завршувањето на тестот.

Повеќе примери на демо тестови ќе најдете на следниот линк: http://demo.mod.gov.mk/Demo

Потребните информации за содржината, темите, задачите, аудио/видео извадоците и итн. кои ги опфаќа вештината слушање ќе ги најдете во Прилог бр. 3.

## 2.3. ВЕШТИНА ПИШУВАЊЕ

Тестот за вештината пишување е повеќестепен и се состои од три задачи за писмени одговори на различни практични, општествени и професионални теми во неформален и формален контекст. Задачите ги покриваат нивоата на владеење од ниво 1 до ниво 3. Задачите и инструкциите се напишани на англиски јазик.

Сите задачи имаат најмалку две подзадачи. Прва задача се состои од подзадачи за ниво 1 и 2, втора задача се состои од подзадачи за ниво 2 и 3, и трета задача се состои од подзадачи за ниво 3.

Секоја задача е напишана на англиски јазик и се состои од:

- предложена должина за одговорот на кандидатот (на пример, неколку реченици, број на зборови, пасуси, итн.),
- предложено време за одговарање на задачата (на пример, 10 минути),
- до кого е упатен одговорот (на пример, близок пријател, колега, претпоставен, итн.),
- критериум за оценување (на пример, организација на текст, исполнување на задачата, итн.).

Правилата за полагање на тестот ќе бидат презентирани на компјутерот на македонски јазик.

Должината на целиот тест за пишување е 100 минути.


***Instructions:*** *Read the prompt below and make sure to address all the tasks.*

**Note:** You will be evaluated on task fulfillment and your ability to write and express yourself in English.
**Suggested length:** three paragraphs (approximately 250 words)
**Suggested time:** 20 minutes

1. You have been asked to write for your local newspaper about your favorite photograph. In the article:
- write about the day it was taken (When? Where?),
- describe in detail what we can see from the photo,
- explain why it is your favorite one.

Одговор

Dear Mr. Mathews,

I was extremely pleased to find out that your selection has come down to me, in choosing a photograph that I find extraordinary, for you to publish in your newspaper. As a young critic, I still have to make a name of myself, and I cherish this opportunity that comes as a building block of my path to recognition. My choice is a not so well known classic known only as the „Dessert Fox", a portrait of World War II general,

Број на зборови: 278

**Забелешка:** При пишувањето, кандидатите не можат да користат проверка на правопис и граматика, не смеат да го минимизираат прозорецот и да отвораат други интернет страни. Можат да прескокнат задача и да се вратат да пишуваат или да направат измени сè до истекот на времетраењето. Кандидатите кои имаат потешкотии да пишуваат на тастатура може да побараат печатена верзија на тестот.

Оценувањето за оваа вештина не е автоматско и кандидатот ќе биде дополнително информиран за добиената оценката.

Потребните информации за содржината, темите, задачите, видовите текстови и итн. кои ги опфаќа вештината пишување ќе ги најдете во Прилог бр. 4.

## 2.4. ВЕШТИНА ЗБОРУВАЊЕ

Тестот за вештината зборување е адаптивен, и ги опфаќа нивоата 1, 2 и 3. Тестот се спроведува во форма на интервју од страна на еден испитувач во присуство на еден оценувач.

Интервјуто се состои од три фази:

- почетна фаза во траење од 3 до 5 минути. Во оваа фаза се поставуваат директни прашања (биографски податоци, образование, професионално искуство, патување и слободни активности). Кандидатот добива можност да се навикне на гласот, изговорот и темпото на говорот на испитувачот при што неговите одговори не се оценуваат.
- главна фаза во траење од 20 до 30 минути. Во оваа фаза, испитувачот поставува прашања за да се утврди минималното владеење на јазикот, односно максималното владеење на јазикот.
- завршна фаза во траење од 3 до 5 минути. Со оваа фаза се завршува интервјуто. Ретко се користи како можност да се направат проверки за ниво и никогаш не се користи да се подигне кандидатот на повисоко ниво.

**Забелешка:** Интервјуто се снима во аудио формат. Во случај на несогласување во оценувањето, аудио снимката се преслушува од страна на дополнителен обучен оценувач кој независно оценува без да биде запознаен со претходното оценување. Снимките од интервјуата се чуваат и се користат само при обука и нормирање на оценувачи и во случај на поднесен приговор од страна на кандидатот.

Потребните информации за содржината, темите, задачите, итн. кои ги опфаќа вештината зборување ќе ги најдете во Прилог бр. 5.

Примери за можни прашања на интервју се прикажани во Прилог бр. 6.

# 3. ИНФОРМАЦИИ ЗА ПОЛАГАЊЕ НА ТЕСТОТ

## 3.1. ПРИЈАВУВАЊЕ ЗА ТЕСТИРАЊЕ

Тестирањето по СТАНАГ 6001 се спроведува во две национални сесии – генерално март и октомври. По објавувањето на сесија за тестирање од страна на СТАНАГ 6001 тимот, сите организациони единици од Министерството и Армијата кои планираат нивниот персонал да се тестира ги искажуваат своите потреби до СТАНАГ 6001 тимот. По утврдувањето на вкупниот број на кандидати, СТАНАГ 6001 тимот подготвува детален распоред за тестирање (датум, време и место) според кој во еден ден можат да се тестираат најмногу две вештини.

Секој кандидат има право да преполага, т.е. повторно да ги полага вештините кои не ги положил, или вештините кои во меѓувреме ги има подобрено. Кандидатите можат да преполагаат само еднаш, за што е потребно повторно да бидат пријавени за вештините кои ги преполагаат.

## 3.2. ДОЛЖНОСТИ НА КАНДИДАТИТЕ

Пред тестирањето, кандидатот е должен:

- да се информира за полагањето на тестот (место и време на тестирање)
- да се запознае тестот преку „Спецификацијата за СТАНАГ 6001 тест“

Пред почетокот на тестирањето, кандидатот треба да:

- покаже валиден документ за идентификација со фотографија (лична карта, пасош, или воена легитимација)

- ги исклучи и/или остави сите електронски уреди како што се мобилни телефони, фотоапарати, паметни часовници и други предмети на назначено место за време на тестот
- седне на посоченото место
- се согласи со наведените услови за тестирање (изјава за психофизичка подготвеност за непречено тестирање)
- се најави за тестирање на вештината со посебен код

За време на тестирањето, кандидатот треба да:

- ја почитува забраната за комуникација
- се придржува кон упатствата кои ги добива од администраторот на тестот
- гледа само во екранот на својот компјутер
- дискретно се обрати до администраторот на тестот доколку има нејаснотии или прашања
- пријави какви било сомнителни активности
- се придржува до забраната за користиње речници, веб-страници или други помошни материјали
- побара лист хартија доколку сака да направи план за пишување, кој ќе биде уништен пред кандидатот, веднаш по завршување на тестирањето на вештината пишување
- побара дозвола од администраторот за на кратко да ја напушти просторијата

**Забелешка**: Пред почетокот на тестирањето, кандидатите се запознаваат со условите за тестирањето кои се однесуваат на нивната психо-физичка состојба, како и забраната за дискутирање на содржината на тестот со кого било, вклучувајќи ги, но не ограничувајќи се на колегите, претпоставените, или пријателите. Доколку кандидатите се согласни со наведените услови, го започнуваат тестирањето.

Доколку кандидатите не се придржуваат кон наведените упатства и должности, нивниот резултат ќе се смета за невалиден.

## 3.3. ИЗВЕСТУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ТЕСТИРАЊЕТО

По завршувањето на тестирањето, СТАНАГ 6001 тимот формира Стандардизиран јазичен профил (СЈП) со четири оценки за секој кандидат и истиот го доставува до организационите единици и до кандидатите. Врз основа на СЈП, СТАНАГ 6001 тимот изработува уверенија за сите кандидати кои ќе ги исполнат минималните критериуми за постигнување ниво по сите четири вештини. За ниво 0+ не се издава уверение.

За меѓународна употреба, т.е. работа во меѓународна средина каде работниот јазик е англискиот, уверението има важност од 3 (три) години. За лицата упатени на работа во меѓународна средина кои поседуваат уверенија чија важност истекува за време на упатувањето, уверенијата ќе имаат важност до завршувањето на нивното упатување во странство. За национална употреба (распоредување на работно место, унапредување во повисок чин/звање, посетување обуки, курсеви, семинари, итн.), уверението има важност од 5 (пет) години.

Доколку кандидатите се тестираат во рамките на периодот на важност на уверението кое го поседуваат, последниот остварен резултат ќе се смета за валиден,

односно претходниот резултат ќе се смета за неважечки. Во ваков случај, кандидатите се должни да го вратат уверението пред повторното тестирање.

Кандидатите кои биле пријавени за преполагање, се стекнуваат со уверение чија важност е од три или пет години сметано од првото полагање.

Врз основа на добиениот резултат, сите кандидати имаат право на приговор кој се доставува до СТАНАГ 6001 тимот во рок од 48 часа од приемот на резултатите. СТАНАГ 6001 тимот го разгледува приговорот (Прилог бр. 7) и доставува одговор во рок од 5 (пет) работни дена со образложение за прифаќање или одбивање на приговорот. Можни причини за прифаќање на приговорот се: погрешно преброени поени на тестовите за вештините читање и слушање, нарушени услови за тестирање (бучава, технички проблеми, сл.), и други причини за кои СТАНАГ 6001 тимот смета дека имале влијание врз резултатите од тестирањето.

# 4. СОВЕТИ ЗА САМОСТОЈНО УЧЕЊЕ, ПОДОБРУВАЊЕ ИЛИ ОДРЖУВАЊЕ НА СТЕКНАТОТО НИВО НА ВЕШТИНИТЕ

Во Прилог бр. 1 се наоѓа „Преглед на владеење на англискиот јазик по нивоа“ во согласност со СТАНАГ 6001, кој може да го искористите како алатка за самоевалуација. Доколку сметате дека вашето ниво на познавање англиски јазик е ниско (на пример, ниво 0+, 1, или 1+ по СТАНАГ 6001), ве охрабруваме да се вклучите во настава по англиски јазик или пак да започнете индивидуални часови со наставник по англиски јазик. Но, доколку сметате дека вашето познавање е повисоко (на пример, ниво 2, 2+или 3 по СТАНАГ 6001), во продолжение предлагаме неколку совети за самостојно учење, подобрување или одржување на стекнатото ниво за секоја вештина одделно.

## 4.1. ВЕШТИНА ЧИТАЊЕ

1. *Читајте колку што е можно повеќе и почесто на англиски јазик.*
   - Читајте текстови и статии од интернет, весници или списанија на различни теми ( на пример, *The New York Times, Science Times, The Economist, The Gardian, National Public Radio (NPR), BBC,* итн.)
     - Читајте на теми кои ве интересираат и кои НЕ ве интересираат.
     - Напишете прашања за текстовите и статиите што ги читате и самостојно одговорете ги.
     - Можете да најдете партнер/ка со кој/а ќе ги разменувате текстовите, статиите и прашањата.
     - Постојано практикувајте користење на нови зборови со кои се среќавате во говорот и пишувањето.
2. *Континуирано проширувајте го вашиот вокабулар. Важно е да го зголемите вокабуларот за да можете да разбирате текстови и статии на различни теми.*
   - Развијте систем за запишување на непознати зборови.
     - Напишете нов збор од едната страна на картичката, а на задната страна напишете ја неговата дефиниција и реченицата во која сте го виделе зборот. Ова ќе ви помогне да ја научите правилната употреба на зборот. Почесто повторувајте ги зборовите и секогаш мешајте ги картичките.
     - Групирајте ги зборовите по тема (на пример, семејство, занимања, екологија, итн.)

- Групирајте ги зборовите по значење, на пример антоними (зборови со спротивно значење) и синоними (зборови со слично значење)
    - антоними (*relevant-irrelevant; abstract-concrete*)
    - синоними (*excellent, outstanding, superb*)
- Проширете го вашиот вокабулар со анализа на делови од зборовите. Проучете ги корените, префиксите и суфиксите. Проучете ги зборовните групи (e.g., enjoyment, enjoy; enjoyable, enjoyably)
- Редовно повторувајте ги новите зборови за полесно да ги запомните.

– Користете го контекстот за да го погодите значењето на непознатите зборови.
- Погледнете ги другите зборови и структури околу непознатиот збор за да ви помогнат да го разберете.
- Доколку контекстот не ви помогне, побарајте примери со објаснување за значењето на тој збор.

– Користете разновидни помагала за учење на нови зборови.
- Користете англиско-англиски речник за да го научите точното значење и употреба на зборот.
- Посетувајте веб-страници кои секој ден разработуваат нов збор или кои испраќаат е-пошта со нов збор секој ден (на пример, https://www.thefreedictionary.com/).

– Вежбајте ја правилната употреба преку правење реченици со нови зборови. Ова ќе ви помогне да се сетите на значењето и точното користење на зборовите.
- Замолете некој наставник по англиски јазик да ги провери вашите реченици.
- Редовно повторувајте ги новите зборови за да ги запомните.

3. *Обрнете внимание на целокупната структура на подолгите и посложените текстови и статии.*

– Користете го вашето познавање од граматиката за да ги разберете потешките делови од текстот.
- Барајте зборови што се однесуваат на информации спомнати во претходниот дел од текстот.

– Читајте ги текстовите од почеток до крај. Размислете внимателно за тоа како идеите се поврзани во еден текст. Врските помеѓу речениците и врските меѓу пасусите се од клучно значење за целосно разбирање на текстот.
- За да ја разберете структурата на текстот што го читате, напишете ги главните идеи на текстот.
    - Започнете со одредување на главната идеја (или главните идеи) презентирана/и во секој пасус. Правете разлика помеѓу главните идеи и нивните детали.
    - Напишете една реченица или фраза во која ќе ги сумирате ставовите.
    - Додајте важни детали кои ја поддржуваат секоја идеја.
    - Обрнете внимание на поврзаноста помеѓу деталите и главните идеи.
- Обрнете внимание на **преодните сврзници** кои се користат за:
    - последователност (first, second, next, finally,...)
    - причини (because, since,...)
    - последици (as a result, so, therefore,...)
    - примери (for example, such as,...)
    - споредби (in contrast, on the other hand,...)
    - повторување на информации (in other words, that is,...)
    - заклучоци (in conclusion, in summary,...)

## 4.2. ВЕШТИНА СЛУШАЊЕ

1. *Секојдневно слушајте различни медиуми на англиски јазик (на пример, телевизија, радио, подкасти, итн.) и постепено зголемувајте го времето што го поминувате во слушање.*
   - Слушајте различни видови материјали.
     - Слушајте активно. Обидете се да одговорите на "wh" прашања: who, what, when, where, why, how.
     - Слушајте пасивно за да ја добиете општата идеја за тоа што се зборува.
   - Водете дневник за слушање (листа на сè што слушате секој ден / неделно).
     - После слушањето, напишете резиме од 1 реченица за да се потсетите на главната идеја на материјалот што сте го слушнале.
     - Запишете нови изрази, идиоми и зборови што ги слушате.
     - Подобрувајте ја способноста за слушање преку пишување диктати. Замолете некој да ви прочита некаков текст. Добри извори на материјали се весници, списанија и учебници. Запишете ги важните точки што ги слушате.
   - Гледајте или слушајте програми на англиски јазик.
     - Гледајте телевизиски програми.
       - CNN, the Discovery Channel, National Geographic, итн.
       - Гледајте филмови, сапунски опери или комедии на телевизија.
       - Гледајте заедно со пријател и разговарајте на англиски јазик за она што сте слушнале/гледале.
     - Гледајте филмови и други видеа (исклучете го текстот на англиски јазик!) или одете во кино да гледате филм на англиски јазик.
     - Слушајте аудио книга на англиски јазик.
     - Слушајте музика на англиски јазик, а потоа проверете го текстот на интернет (на пример, www.lyrics.com)
     - Слушајте снимки на англиски јазик за кои е достапен и текстот. Слушајте ја секоја снимка најмалку 3 пати.
       - Првиот пат, запишете ги главните идеи што ги слушате.
       - Вториот пат, прочитајте го текстот и слушајте ги идеите што ги запишавте.
       - Третиот пат, запишувајте ги сите зборови и фрази што не ги разбравте и побарајте ги во речник.
   - Одете на интернет страници за да вежбате да слушате на англиски јазик, на пример:
     - National Public Radio (www.npr.org)
     - CBS News (www.cbsnews.com)
     - Randall’s Cyber Listening Lab (www.esl-lab.com)
     - BBC World Service.com Learning English (www.bbc.co.uk/worldservice/learningenglish)
   - Слушајте целосни аудио снимки од предавања (на пример, TED talks)
2. *Користете ги локалните ресурси за да вежбате да слушате на англиски јазик.*
   - Посетувајте места каде што можете да слушате англиски јазик.
     - Запишете се на курс по англиски јазик.
     - Одете во музеј и одберете аудио-турнеја на англиски јазик.
     - Следете туристички водич на англиски јазик во вашиот град.
     - Јавете се или посетете хотел каде што престојуваат туристи и добијте информации на англиски јазик за цената на хотелите, сместувачките капацитети или хотелските удобности.

- Јавете се и одберете ја опцијата да слушате информации снимени на англиски јазик, како што е распоред на филмови, временски извештај, информации за лет на авион, итн.

3. *Слушате подолги предавања и говори.*
   - Посетувајте настани на англиски јазик (предавања, работилници, семинари или други активности во културни центри или музеи) каде што луѓето се поканети да зборуваат на англиски јазик за нивната работа.
   - Слушајте разни видови разговори на различни теми, вклучувајќи ги и темите за кои имате слаби познавања или НЕ се од ваш интерес.
   - Поделете ги подолгите материјали на делови и слушајте ги деловите неколку пати додека не ги разберете главните поенти и текот на идеите.
     - Паузирајте го материјалот и предвидете што ќе следи.
     - Обрнете внимание на разликите помеѓу презентираните главни идеи и нивните детали, фактите, примерите и мислењата
     - Обрнете внимание на структурата на материјалот. На пример, предавањата или презентациите имаат вовед, главен дел и заклучок, додека наративите, т.е. раскажувањата имаат почеток, средина и крај.
   - Размислете внимателно за целта на материјалот што го слушате.
     - Обидете се да одговорите на прашањето: „Што се обидува говорникот да постигне?"
     - Запишете ги само информациите што ги слушате. Бидете внимателни да не ги толкувате информациите врз основа на вашето лично разбирање или познавање на темата.
   - Фаќајте белешки додека слушате разговори или предавања. Ова ќе ви помогне да ги препознаете главните идеи.
     - Работете со партнер. Слушајте и поединечно запишувајте што сте слушнале.
       - Споредете ги забелешките со партнерот и проверете ги разликите и/или сличностите.
       - Користете ги вашите белешки за да му кажете на вашиот партнер што сте слушнале.
     - Користете ги белешките за да напишете краток преглед или резиме.
     - Постепено зголемувајте ја должината на разговорите, а со тоа и на вашите резимеа.
4. *Обрнете внимание на сигналите кои ќе ви помогнат да ја разберете организацијата на говорот, врските помеѓу идеите и важноста на идеите.*
   - Слушајте ги изразите и зборовите кои ви го кажуваат видот на информациите кои се даваат:
       - мислење (I think, It appears that, It is thought that)
       - теорија (In theory)
       - заклучок (therefore, then)
       - негации (not, зборови што почнуваат со "un," "non," "dis" "a")
       - филери (неважни информации) (uh, er, um)
   - Слушајте ги важните зборови или изрази кои ги поврзуваат идеите со цел да го препознаете нивниот меѓусебен однос.
     - Размислете внимателно за врската помеѓу идеите што ги покажуваат овие зборови:
       - причина (because, since)
       - резултат (as a result, so, therefore, thus, consequently)
       - примери (for example, such as)

    - споредби (in contrast, than)
    - спротивна идеја (on the other hand, however)
    - друга идеја (furthermore, moreover, besides)
    - слична идеја (similarly, likewise)
    - преформулирање (in other words, that is)
    - заклучоци (in conclusion, in summary)
  - Обрнете внимание на интонацијата и на другите начини преку кои говорителите укажуваат дека информациите се важни.
- Важни клучни зборови или изрази често се:
    - повторувани
    - парафразирани (информации кои се повторуваат со други зборови)
    - кажани погласно и појасно
    - акцентирани (нагласени)
- Обрнете внимание на интонациите кои се користат за изразување на различни емоции.
    - Емоциите се често изразени преку промени во интонацијата или акцентот.
    - Изборот на зборови може да укаже на возбуда, лутина, среќа или фрустрација.
- Обрнете внимание на паузите помеѓу важните поенти.
    - Обрнете внимание на броевите што може да ги слушнете во цени, времиња или адреси.
    - Обрнете внимание на глаголите и другите изрази кои покажуваат дали некој настан се случува во минатото, сегашноста или иднината.

## 4.3. ВЕШТИНА ЗБОРУВАЊЕ

1. *Обидете се да зборувате на англиски јазик секој ден. Ова ќе придонесе вашиот говор да стане течен со што ќе се подобри вашата самодоверба.*
2. *Комуницирајте со луѓе кои сакаат да зборуваат на англиски јазик. Ако не можете да најдете некој чиј мајчин јазик му/ѝ е англискиот, најдете пријател кој сака да вежба да зборува на англиски јазик и кој ќе зборува само на англиски одреден временски период.*
3. *Во временски ограничен период (1-2 минути), зборувајте на различни секојдневни теми без многу подготовки.*
    - Напишете неколку прашања на различни теми, на пример: семејство, хобија, пријатели, работа итн. Одговорете ги прашањата на глас.
    - Направете листа на општи теми за зборување, на пример:
      - Личности на кои им се восхитувате
      - Места кои уживате да ги посетувате
      - Нешта кои уживате да ги правите

    Одберете специфичен пример за секоја тема (родител, продавница, читање книги, итн.) и зборувајте околу 1 минута без многу подготовки.
4. *Зборувајте за тековни настани.*
    - Слушајте вести, информативни емисии, временска прогноза, итн. и запишете што сте слушнале. Потоа информирајте го пријателот на англиски јазик.
5. *Вежбајте да зборувате на различни теми.*
    - Напишете три прашања за материјалот што го сте го прочитале или слушнале.
    - Обидете се да одговорите на прашањата на глас.
    - Поддржете ги вашите идеи со детали, причини или примери од текстовите. Користете соодветни сврзници за да биде јасна врската помеѓу идеите. На пример, *first, second, for example, therefore, because, итн.*

6. *Вежбајте искажување мислења.*
   - Читајте колумни во пишани или електронски весници, списанија, итн.
     - Сумирајте ги ставовите на авторот и зборувајте со пријателот. Дајте го вашето мислење  и образложете зошто мислите така.
     - Побарајте мислење од пријателот во врска со истата колумна. Зборувајте за евентуалните разлики.
7. *Вежбајте да сумирате информации што сте ги слушнале или прочитале.*
   - Прочитајте кратка вест во весник.
     - Запишете ги важните зборови и побарајте го нивниот изговор или прашајте роден говорител да ви каже како да ги изговорите.
     - Сумирајте ја веста користејќи ги новите зборови и вежбајте да го кажете истото неколку пати. Со секое повторување вашиот говор ќе станува сѐ потечен.
   - Гледајте кратка сцена од филм или ТВ програма (околу 2 – 3 минути). Сумирајте што правел секој лик и објаснете зошто.
8. *Вежбајте да зборувате во ограничено време (3-4 минути) на различни апстрактни теми (култура, наука, медицина, економија, итн.) без многу подготовка. Направете листа на прашања и одговорете на секое прашање на глас. Обидете се да одговорите во предложеното време.*
9. *Користете книги со аудио ЦД-а, или подкасти со текстови, за да ги подобрите изговорот, акцентот и интонацијата во англискиот јазик.* Слушајте како зборуваат и забележете ги паузите, акцентот и интонацијата на текстот. Прочитајте го текстот и обидете се да ги имитирате паузите, акцентот и интонацијата.
10. *Вежбајте изговор и интонација со читање на глас.*
    - Снимајте се за да го слушнете вашиот акцент. Обрнете внимание на вашите грешки.
    - Вежбајте го изговорот на завршетоците на зборовите (-ed, -s, -ing, -tion, итн).
    - Слушнете како зборува роден говорител. Снимете се повторувајќи ја истата информација и направете споредба. Обидете се да зборувате јасно со добар изговор и интонација. Зборувајте со доверба. Вашиот говор ќе биде неразбирлив доколку зборувате отсечно, т.е. збор по збор. Обидете се да зборувате во „мисловни целини".
11. *Најдете начини за подобрување на вашата флуентност, т.е. вашиот говор да стане течен.*
    - Слушајте радио и гледајте телевизија и филмови. Обрнете внимание на идиоматската употреба на јазикот и различните акценти или говорни целини што се користат.
    - Запишете ги новите изрази што ги слушате. Обидете се да ги користите изразите во вашите секојдневни разговори на англиски јазик.
    - Изберете лик од филм или ТВ шоу. Повторете ги зборовите на ликот, следејќи ја интонацијата додека тој или таа зборува. Имитирајте го и нејзиниот/неговиот говор на телото.
12. *Збогатувајте го вашиот речник преку читање новинарски статии и колумни на различни теми на англиски јазик. Запишувајте нови зборови што ги среќавате при читањето и вежбајте го нивниот изговор.*
13. *Проширете го вашиот вокабулар и подобрете ја вашата граматика во говорот.*
    - Научете ги основните граматички правила за да зборувате граматички правилно.
    - Додека учите нови зборови и изрази, вежбајте јасно да ги изговарате.
    - Преземајте ризици. Користете нови зборови и изрази во говорот секој ден.

14. *За време на тестирањето (т.е. интервјуто), доколку сакате да го постигнете вашиот максимум, потребно е да ги избегнувате следните ситуации:*
    - *Одбивање да се зборува.*
      Ако од било која причина не сакате да зборувате, тестирачите нема да имаат соодветен примерок за оценување и затоа нема да бидете оценети.
    - *Користење на мајчиниот јазик во интервјуто.*
      Доколку користите зборови на мајчин јазик, тестирачот ова ќе го забележи како доказ за „распаѓање“ на вашиот јазик.
    - *Давање на премногу кратки одговори.*
      Чести кратки одговори можат да резултираат во несоодветен примерок за оценување.
    - *Одбивање да се зборува на одредена тема.*
      Можеби некоја тема е чувствителна за вас и заради тоа можете да побарате да не разговарате за неа. Но, ако ова се случи повеќе од еднаш, тестирачот може да претпостави дека се работи за избегнување и/или желба да се контролира тестот.
    - *Одбивање да учествувате во игра на доделени улоги (role-play).*
      Некои кандидати или не им се допаѓаат добиените улоги или не се во состојба да учествуваат во игра на доделени улоги. Сепак, ова е една од задачите за стекнување на соодветен примерок за оценување.
    - *Прекумерна употреба на една тема.*
      Кандидатот мора да зборува на дадените теми, а не да ги избегнува и да зборува на омилени теми. Кандидатот мора да се обиде да одговори на дадената тема без оглед на тоа колкави се неговите познавања, особено за повисоките нивоа.

## 4.4. ВЕШТИНА ПИШУВАЊЕ

1. *Секојдневно вежбајте пишување.*
    - Водете дневник. Запишувајте ги вашите размислувања за тоа што ви се случува или за теми за кои сте заинтересирани.
      - Започнете со пишување на мајчин јазик. Ова ќе ви помогне да се навикнете да пишувате и ќе стекнете доверба во вашата способност за пишување.
      - Кога пишувањето ќе ви стане полесно, дневникот продолжете да го пишувате на англиски јазик.
    - Најдете пријател/ка за допишување. Разменувајте електронски пораки.
2. *Обрнете внимание на вашата граматика и структура на речениците.*
    - Проучете ги основите на англиската граматика и збогатувајте го вашиот вокабулар.
    - Вежбајте да пишувате точни реченици на англиски јазик. Започнете со пишување прости реченици.
    - Внимавајте секоја реченица да има подмет и прирок, и прирокот да се согласува со подметот. На пример:
      - The student likes...;
      - The students like...
    - Одберете две од напишаните реченици и вежбајте да ги комбинирате во една реченица.
    - Препрочитајте го напишаното. Најдете ги и поправете ги грешките.
3. *Проучете ја организацијата на добро напишаните пасуси и есеи.*
    - Еден добар пасус содржи една главна идеја. Оваа идеја обично е напишана во првата реченица, која се нарекува тематска реченица. Секој пасус треба да содржи еден аспект од генералната поента (тема) на есејот.

- Пишувајте пасуси на англиски кои се фокусираат на една главна идеја и содржат неколку целосни реченици кои ја објаснуваат или поддржуваат таа идеја.

4. *Размислете кој ќе го чита тоа што сте го напишале. Во некои ситуации треба да пишувате на формален начин и структурата на речениците, употребата на вокабуларот и стилот треба да го одразуваат тоа.*
5. *Обрнете внимание на тоа како идеите поддржуваат некој став или мислење и вежбајте да пишувате идеи кои би ги поддржувале вашите ставови.*
   - Читајте статии и есеи кои искажуваат мислења за некое прашање (на пример, општествено, еколошко, образовно, итн.).
     - Препознајте го мислењето или мислењата на авторот.
     - Забележете како авторот се осврнува на евентуални несогласувања со неговото мислење.
     - Забележете ги начините на кои писателот ги поддржува идеите.
   - Напишете одговор на написот или есејот на англиски јазик, заземајќи го спротивното гледиште.
     - Направете концепт на вашиот одговор.
     - Не заборавајте да ги поддржите вашите идеи.
   - Повторно прочитајте го она што сте го напишале.
     - Речениците кои ја поддржуваат главната идеја треба да се јасно поврзани со неа.
     - Проверете дали сте ги разработиле сите ваши ставови во детали и дали е потребно да допишете дополнителни аргументи за ги зајакнете вашите ставови.
6. *Обрнете внимание на тоа како ги организирате идеите и размислете како читателот кој не е запознаен со вашата тема ќе може да ги следи информациите што сакате да ги презентирате.*
   - Одвојте време за да испланирате и да размислите за тоа како да ги организирате идеите за да може вашиот читател да го разбере есејот.
   - Користете соодветни зборови за да ги поврзете идеите и придружните информации на начин на кој сакате вашиот читател да ги разбере.
     - Запомнете дека вашиот читател не знае што знаете или што планирате. Дали постои можност читателот погрешно да ве разбере? Ако е така, разгледајте го начинот на кој ги презентирате и објаснувате вашите идеи.
7. *Работете на тоа да ги проширите видовите реченици што ги пишувате и да го зголемите вашиот вокабулар.*
   - Направете свој речник на англиски зборови.
   - Употребувајте ги овие зборови во вашето пишување.
   - Пишувајте подолги и посложени реченици наместо кратки, прости реченици.
   - Читајте кратки, но интересни текстови во списанија и на веб-страници на мајчин јазик. Обидете се да ги напишете идеите во сложени и точни реченици на англиски јазик.
8. *Обидете се јасно да пишувате избегнувајќи граматички грешки.*
   - Избегнувајте да користите нејасни зборови и изрази.
   - Фокусирајте се на различни делови на англиската граматика секоја недела и решавајте граматички вежби кои ги зајакнуваат тие делови.
   - Читајте статија или есеј на англиски јазик во списание или на веб страница.
     - Напишете кратка содржина.
     - Проверете што сте напишале.
9. *Читајте многу на англиски јазик. Ова ќе ви помогне да препознаете добри стилови на пишување.*

Прилог 1. Преглед на скалата СТАНАГ 6001

# БИРО ЗА МЕЃУНАРОДНА ЈАЗИЧНА КООРДИНАЦИЈА

## НАТО СТАНАГ 6001, издание 5

## ПРЕГЛЕД НА ВЛАДЕЕЊЕ НА АНГЛИСКИОТ ЈАЗИК ПО НИВОА

| *СТАНАГ 6001* **СЛУШАЊЕ** | *Задачи* (Што може лицето да направи) | *Содржина* (Што може лицето да разбере) | *Точност* (Колку добро може лицето да го користи јазикот) |
|---|---|---|---|
| *Ниво 3* ПРОФЕСИОНАЛНО | ☐ Разбира хипотеза, поткрепено мислење, аргументирање, изјави и бранење ставови, други форми на образложување<br>☐ Разбира имплицитни и експлицитни информации<br>☐ Разликува стилски нивоа<br>☐ Препознава хумор, иронија, емоционални конотации, финеси | ☐ Голем дел од формален и неформален говор на практични, општествени и професионални теми<br>☐ Говор од полето на професија<br>☐ Јазик кој се користи на интерактивни состаноци, брифинзи и други подолги разговори<br>☐ Апстрактни концепти на теми како економија, култура, наука, итн. | ☐ Може точно да следи најважни делови од разговор меѓу образовани говорители чиј мајчин јазик е англискиот, предавања на општи теми, доволно јасни телефонски разговори, и емитувања преку медиуми<br>☐ Ретко бара повторување, парафразирање или објаснување<br>☐ Може да не разбере многу брз разговор меѓу говорители чиј мајчин јазик е англискиот, сленг, регионализми или дијалекти |
| *Ниво 2* ФУНКЦИОНАЛНО | ☐ Разбира говор со факти на ниво на параграфи<br>☐ Одговара на конкретни прашања за текстови | ☐ Секојдневен разговор поврзан со работата и општеството<br>☐ Конкретни теми како лични и семејни вести, работи од личен и општ интерес, секојдневни работни содржини<br>☐ Описи на лица, места и нешта<br>☐ Раскажување на сегашни, минати и идни настани | ☐ Може со сигурност да разбере разговор лице в лице на стандарден дијалект, воден со нормална брзина со одредени повторувања и измена на зборови, од страна на говорител чиј мајчин јазик е англискиот кој не е навикнат на разговор со говорители чиј мајчин јазик не е англискиот<br>☐ Може да разбере само општо значење на говорот од медиумите или меѓу говорители чиј мајчин јазик е англискиот кои користат стручен или софистициран јазик<br>☐ Не може да разбере финеси на јазикот кои ги надополнуваат фактите |
| *Ниво 1* ПРЕЖИВУВАЊЕ | ☐ Разбира главна идеја | ☐ Познати фрази и кратки и прости реченици<br>☐ Секојдневни потреби како најосновни изрази на учтивост, патување и потреби кои произлегуваат од работното место<br>☐ Конкретни изрази, прости прашања и одговори, и многу едноставни разговори<br>☐ Теми како оброци, сместување, превоз, време, едноставни насоки и инструкции | ☐ Говорители чиј мајчин јазик е англискиот кои се навикнати да зборуваат со говорители чиј мајчин јазик не е англискиот мора да зборуваат бавно и да повторуваат или често да користат други зборови<br>☐ Има многу недоразбирања на главната идеја и фактите кои ја појаснуваат<br>☐ Може само да разбере говор од медиуми или разговор меѓу говорители чиј мајчин јазик е англискиот доколку содржината е целосно недвосмислена и предвидлива |

| *СТАНАГ 6001*<br>ЗБОРУВАЊЕ | *Задачи*<br>(Што може лицето да направи) | *Содржина*<br>(Што може лицето да разбере) | *Точност*<br>(Колку добро може лицето да го користи јазикот) |
|---|---|---|---|
| *Ниво 3*<br>**ПРОФЕСИОНАЛНО** | ☐ Поддржува мислења<br>☐ Користи хипотези<br>☐ Изнесува и брани ставови<br>☐ Разјаснува поенти | ☐ Практични, општествени и професионални теми<br>☐ Апстрактни теми (економија, култура, наука, итн.) | ☐ Без да бара зборови или изрази, може да го користи јазикот јасно и релативно природно за слободно да образложи концепти и да ги прави идеите лесно разбирливи за говорители чиј мајчин јазик е англискиот |
| *Ниво 2*<br>**ФУНКЦИОНАЛНО** | ☐ Опишува луѓе, места и нешта<br>☐ Раскажува сегашни, минати и идни активности<br>☐ Зборува за факти<br>☐ Споредува и прави контрасти<br>☐ Дава јасни инструкции и насоки | ☐ Конкретни теми (работни процедури, семејство, лично минато и интереси, патување, сегашни настани)<br>☐ Информации поврзани со факти<br>☐ Лични теми и теми поврзани со сместување | ☐ Може да комуницира со говорители чиј мајчин јазик е англискиот кои не се навикнати да зборуваат со говорители чиј мајчин јазик не е англискиот, иако говорителите чиј мајчин јазик е англискиот можеби ќе треба да се приспособат кон одредени ограничувања |
| *Ниво 1*<br>**ПРЕЖИВУВАЊЕ** | ☐ Разменува поздрави<br>☐ Се претставува и идентификува<br>☐ Учествува во кратки разговори<br>☐ Прашува и одговара на прашања<br>☐ Зборува за предвидливи лични потреби и потреби за сместување | ☐ Најосновни изрази на учтивост<br>☐ Едноставни биографски податоци<br>☐ Основни потреби (нарачување на оброци, обезбедување сместување и превоз, купување) | ☐ Говорители чиј мајчин јазик е англискиот навикнати да зборуваат со говорители чиј мајчин јазик не е англискиот се напрегаат, бараат повторување и го вршат поголемиот дел од комуникацијата |

| *СТАНАГ 6001* **ЧИТАЊЕ** | *Задачи* (Што може лицето да направи) | *Содржина* (Што може лицето да разбере) | *Точност* (Колку добро може лицето да го користи јазикот) |
|---|---|---|---|
| *Ниво 3* **ПРОФЕСИОНАЛНО** | ☐ Разбира хипотези, поткрепено мислење, аргументирање, појаснување, различни форми на образложување<br>☐ Го толкува материјалот точно, поврзува идеи, разбира имплицитни информации<br>☐ Разликува стилски нивоа<br>☐ Препознава хумор, иронија, емотивни конотации и финеси | ☐ Автентичен пишан материјал на општи и професионални теми<br>☐ Вести, информативни текстови и статии во поголеми списанија наменети за образовани читатели чиј мајчин јазик е англискиот<br>☐ Лична и професионална преписка<br>☐ Извештаи<br>☐ Материјал од полето на професија<br>☐ Апстрактни концепти на теми како економија, култура, наука, итн. | ☐ Ретко погрешно разбира<br>☐ Не може секогаш целосно да ги разбере текстовите кои имаат необично сложена структура, ретко користени идиоми или висок степен на познавање на културата како дел од јазикот |
| *Ниво 2* **ФУНКЦИОНАЛНО** | ☐ Да ја најде и разбере главната идеја и деталите<br>☐ Да одговори на конкретни прашања за текстовите | ☐ Конкретни, фактички, предвидливи текстови<br>☐ Описи на лица, места и нешта<br>☐ Раскажување на сегашни, минати и идни настани<br>☐ Вести кои опишуваат настани кои често се појавуваат<br>☐ Едноставни биографски информации<br>☐ Известувања<br>☐ Рутински деловни писма<br>☐ Едноставен технички материјал наменет за сите читатели | ☐ Може да чита некомплицирана, но автентична проза на познати теми кои обично се дадени во предвидлив редослед што му помага на читателот да ги разбере<br>☐ Може да чита бавно и погрешно да разбира одредени информации |
| *Ниво 1* **ПРЕЖИВУВАЊЕ** | ☐ Ја разбира главната идеја<br>☐ Наоѓа специфични детали<br>☐ Го претпоставува значењето на непознатите зборови од контекст | ☐ Многу едноставен поврзан пишан материјал<br>☐ Кратки белешки<br>☐ Соопштенија<br>☐ Лесно предвидливи описи на луѓе, места или нешта<br>☐ Кратки објаснувања од областа на географијата, власта, и валутата поедноставени за говорители чиј мајчин јазик не е англискиот<br>☐ Кратки упатства/насоки (формулар за пријавување, мапи, менија, именици, брошури, едноставни распореди) | ☐ Го разбира основното значење на едноставни текстови со употреба на често користен јазик<br>☐ Може погрешно да разбере дури и некои едноставни текстови |

| *СТАНАГ 6001* **ПИШУВАЊЕ** | *Задачи* (Што може лицето да направи) | *Содржина* (Што може лицето да разбере) | *Точност* (Колку добро може лицето да го користи јазикот) |
|---|---|---|---|
| *Ниво 3* **ПРОФЕСИОНАЛНО** | ☐ Може да пишува аргументи, анализи, хипотези во форма на есеј и опширно да појаснува, раскажува и опишува | ☐ Формална и неформална коресподенција и документи на практични, општествени и професионални теми<br>☐ Апстрактни теми (економија, култура, наука, итн.) | ☐ Грешките се повремени, не пречат точно да се разбере, и ретко му сметаат на говорителот чиј мајчин јазик е англискиот<br>☐ Се пренесува точното значење иако техниките кои се користат за организација на подолг текст можат на некој начин да изгледаат непознато за говорителите чиј мајчин јазик е англискиот<br>☐ Врската и развивањето на идеите е јасна<br>☐ Пишувањето е соодветно на пригодата иако стилот на пишување може да е неприроден |
| *Ниво 2* **ФУНКЦИОНАЛНО** | ☐ Може да искаже факти<br>☐ Може да даде инструкции<br>☐ Може да опише луѓе, места и нешта<br>☐ Може да раскаже сегашни, минати и идни активности во целосни, но едноставни параграфи | ☐ Едноставна лична и работна коресподенција и слични документи, како меморандуми, кратки извештаи, приватни писма | ☐ Може да биде разбран од лице чиј мајчин јазик е англискиот кој не е навикнат да чита материјал од лице чиј мајчин јазик не е англискиот<br>☐ Идеите можат да бидат недоволно организирани според главни точки или јасно подредување на настани. Меѓутоа, врската меѓу идеите не секогаш е јасна<br>☐ Грешки во граматиката, вокабуларот, правописот и интерпункцијата понекогаш можат да го извртат значењето. Меѓутоа, пишувањето главно е соодветно на пригодата |
| *Ниво 1* **ПРЕЖИВУВАЊЕ** | ☐ Може да пишува за да ги задоволи непосредните лични потреби<br>☐ Може да пишува кратки, прости реченици<br>☐ Може да произведе неврзани реченици или фрагменти на дадена тема | ☐ Списоци, кратки пораки, разгледници, кратки лични писма, телефонски пораки, покани, формулари, апликации | ☐ Може да биде разбран од читател чиј мајчин јазик е англискиот навикнат на обиди за пишување од страна на лице чиј мајчин јазик не е англискиот<br>☐ Малку покажува свесна организација<br>☐ Чести грешки во правописот, вокабуларот, граматиката, интерпункцијата |

## Прилог 2. Опис на вештината читање

| ВЕШТИНА ЧИТАЊЕ | |
|---|---|
| Времетраење | до 120 минути (во зависност од нивото и бројот на задачите) |
| Содржина | **НИВО 1**<br>• кратки белешки<br>• многу едноставен и поврзан пишан материјал<br>• едноставни кратки објаснувања и едноставни описи на луѓе, места или нешта<br>• кратки упатства/насоки (формулар за пријавување, мапи, менија, именици, брошури, едноставни распореди) |
| | **НИВО 2**<br>• конкретни, фактички и предвидливи текстови<br>• описи на лица, места и нешта<br>• раскажување на сегашни, минати и идни настани<br>• вести за секојдневни настани<br>• едноставни биографски податоци<br>• едноставен технички материјал за општ читател<br>• фактички описи и детали |
| | **НИВО 3**<br>• автентичен пишан материјал на општи и професионални теми<br>• материјал од полето на лична професија<br>• апстрактни концепти на теми за воено-безбедносни, економско-политички, научно-технички и културно-општествени прашања |
| Видови задачи | **НИВО 1**<br>• главна идеја<br>• специфични детали (Кој?/Каде?/Кога?)<br>• значење на непознати зборови во контекст |
| | **НИВО 2**<br>• главна идеја и детали (Кој?/Што?/Каде?/Кога?),<br>• насоки и/или инструкции<br>• причинско-последични врски (Зошто?)<br>• условни реченици и негации (Како?)<br>• конкретни прашања за текстовите |
| | **НИВО 3**<br>• апстрактни и хипотетички околности<br>• поткрепено мислење, аргументирање, образложување<br>• заклучоци, предлози, решенија, аргументи за и против<br>• споредба и контраст на идеи<br>• хумор, иронија, емотивни конотации и финеси<br>• технички лексикон во домен на својата специјалност |
| Можни теми | **НИВО 1**<br>Општи конкретни теми: лични и семејни вести (место на живеење, семејство, работа), оброци, временски услови, сместување, сообраќај и транспорт, патување, слободно време и забава, спорт, итн. |

| | |
|---|---|
| | **НИВО 2**<br>Општи конкретни теми: лични и семејни вести (место на живеење, семејство, работа), оброци, временски услови, сместување, сообраќај и транспорт, патување, слободно време и забава, спорт, итн.<br>Воени теми: воена обука и воена кариера, учество во операции, мисии и вежби на НАТО и ПзМ, итн.<br>**НИВО 3**<br>Општи апстрактни теми: животна средина, политика, економија, култура, наука, технологија, итн.<br>Воени теми: воена обука и воена кариера, учество во операции, мисии и вежби на НАТО и ПзМ, итн. |
| Видови тест задачи | Тестот може да содржи прашања со повеќекратен избор, прашања со краток одговор, задачи со поврзување, задачи со пополнување на празни места или недовршени реченици за дополнување. |
| Број на тест задачи | до 20 задачи за секое ниво |
| Видови текстови | **НИВО 1**: Ориентациони, со едноставни општи информации, едноставен дискурс и генерички вокабулар, главно во сегашно време<br>**НИВО 2**: Информативни, со конкретни информации, тематски вокабулар, поврзан дискурс, повеќе временски рамки (сегашно, минато и идно време)<br>**НИВО 3**: Евалуативни, авторот е присутен преку идеите или ставовите кои ги искажува за општествени, културни, политички и др. теми, преку користење апстрактен и конкретен лексикон, апстрактни лингвистички формулации во сложени реченици, и преку вокабулар специфичен за одредени области |
| Должина на текстови | **НИВО 1** – околу 70 зборови по текст<br>**НИВО 2** – околу 200 зборови по текст<br>**НИВО 3** – околу 300 зборови по текст |
| Бодување и оценување | Секој точен одговор носи по еден поен. Не се одземаат поени за неточни одговори. |
| Критериум за постигнување на ниво | • за основно ниво (1, 2 или 3): најмалку 70% точни одговори<br>• за плус ниво: најмалку 70% точни одговори од основното ниво и 50% - 69% точни одговори од следното основно ниво |

## Прилог 3. Опис на вештината слушање

| ВЕШТИНА СЛУШАЊЕ | |
|---|---|
| Времетраење | до 80 минути (во зависност од нивото, бројот и должината на аудио/видео извадоците) |
| Содржина | **НИВО 1**<br>• познати фрази и кратки, прости реченици<br>• секојдневни теми за преживување<br>• секојдневни потреби како најосновни изрази на учтивост, патување и потреби кои произлегуваат од работното место<br>• конкретни изрази, прости прашања и одговори и многу едноставни разговори<br>• едноставни насоки и упатства<br>**НИВО 2**<br>• секојдневен разговор поврзан со работата и општеството<br>• описи на лица, места и нешта<br>• раскажување на сегашни, минати и идни настани<br>**НИВО 3**<br>• претежно формален и неформален говор на практични, општествени и професионални теми<br>• говор од полето на професијата<br>• јазик кој се користи на интерактивни состаноци, брифинзи и други подолги разговори<br>• апстрактни концепти на теми за воено-безбедносни, економско-политички, научно-технички и кутурно-општествени прашања |
| Видови задачи | **НИВО 1**<br>• разбирање на главна идеја<br>**НИВО 2**<br>• разбирање на главна идеја/идеи и детали:<br>  ○ одговарање на конкретни прашања за текстови<br>  ○ подредување по важност презентирани информации<br>  ○ идентификување лица, места и нешта поврзани со главната идеја<br>  ○ меѓусебна врска помеѓу лица, места и нешта<br>  ○ временска подреденост на настани<br>  ○ причинско-последични врски<br>  ○ резултат<br>**НИВО 3**<br>• разбирање на хипотеза, поткрепено мислење, аргументирање, изјави и бранење ставови, имплицитни и експлицитни информации<br>• разликување на стилски нивоа<br>• разбирање на хумор, иронија, емоционални конотации, финеси |
| Можни теми | **НИВО 1 и 2**<br>Општи конкретни теми: лични и семејни вести (место на живеење, семејство, работа), оброци, временски услови, сместување, сообраќај и транспорт, патување, слободно време и забава, спорт, итн. |

| | |
|---|---|
| | **НИВО 3**<br>Општи апстрактни теми: животна средина, политика, економија, култура, наука, технологија, итн.<br>Воени теми: воена обука и воена кариера, учество во операции, мисии и вежби на НАТО и ПзМ, итн. |
| Извори на аудио/видео извадоци | Извадоците се земени од автентични извори и можат да бидат монолози, дијалози или разговори (дебати и интервјуа). |
| Тест задачи | Тестот може да содржи прашања со повеќекратен избор, прашања со краток одговор, задачи со поврзување, задачи со пополнување на празни места или недовршени реченици за дополнување. |
| Број на тест задачи | до 20 аудио/видео извадоци за секое ниво |
| Видови аудио/видео извадоци | **НИВО 1**: Ориентациони, со прости кратки реченици и едноставен вокабулар, главно во сегашно време |
| | **НИВО 2**: Информативни, со проширени и сложени реченици за конкретни информации, со тематски вокабулар, во повеќе временски рамки (сегашно, минато и идно време) |
| | **НИВО 3** : Евалуативни, авторот е присутен преку идеите или ставовите кои ги искажува за општествени, културни, политички и др. теми, преку користење апстрактен и конкретен лексикон, апстрактни лингвистички формулации во сложени реченици, и преку вокабулар специфичен за одредени области |
| Должина на аудио/видео извадоци | **НИВО 1** – околу 30 секунди. Извадоците се слушаат само еднаш.<br>**НИВО 2** – околу 1 минута. Извадоците се слушаат само еднаш.<br>**НИВО 3** – околу 2 минути. Извадоците се слушаат само еднаш. |
| Бодување и оценување | Секој точен одговор носи по еден поен. Не се одземаат поени за неточни одговори. |
| Критериум за постигнување на ниво | • за основно ниво (1, 2 или 3): најмалку 70% точни одговори<br>• за плус ниво: најмалку 70% точни одговори од основното ниво и 50% - 69% точни одговори од следното основно ниво |

## Прилог 4. Опис на вештината пишување

| ВЕШТИНА ПИШУВАЊЕ | |
|---|---|
| Времетраење | До 100 минути (во зависност од нивото и бројот на задачите) |
| Содржина | **НИВО 1:** Пишување или пополнување на: листи, кратки белешки, разгледници, кратки лични писма, телефонски пораки, покани, формулари, пријави<br>**НИВО 2**: Едноставна лична кореспонденција, кореспонденција и документи поврзани со работното место, меморандуми, кратки извештаи, лични писма<br>**НИВО 3**: Формална и неформална кореспонденција, документи на практични, општествени и професионални теми. апстрактни концепти на теми за воено-безбедносни, економско-политички, научно-технички и културно-општествени прашања |
| Видови задачи | **НИВО 1**<br>• едноставни текстови со кратки и прости реченици<br>**НИВО 2**<br>• детални инструкции<br>• детални описи на луѓе, места и/или нешта<br>• раскажување за сегашни, минати и идни настани<br>**НИВО 3**<br>• есеи со аргументи, анализи, хипотези<br>• подолги објаснувања на конкретни и апстрактни теми<br>• раскажувања и детални описи за практични, општествени и професионални цели |
| Можни теми | **НИВО 1 и 2**<br>Конкретни теми како лични и семејни вести (место на живеење, семејство, работа), оброци, временски услови, сместување, сообраќај и транспорт, патување, слободно време и забава, спорт, општи воени теми, итн.<br>Воени теми (ниво 2): воена обука и воена кариера, учество во операции, мисии и вежби на НАТО и ПзМ, итн.<br>**НИВО 3**<br>Општи апстрактни теми: животна средина, политика, економија, култура, наука, технологија, итн.<br>Воени теми: воена обука и воена кариера, учество во операции, мисии и вежби на НАТО и ПзМ, итн. |
| Делови на тестот | Тестот се состои од 3 задачи:<br>• Задача 1 опфаќа под-задачи за ниво 1 и 2<br>• Задача 2 опфаќа под-задачи за ниво 2 и ниво 3<br>• Задача 3 опфаќа под-задачи за ниво 3 |
| Оценување | Оценувањето е врз основа на јазикот произведен за време на тестот согласно описите за нивоата според скалата СТАНАГ 6001. Секој тест се оценува независно од двајца оценувачи. Во случај на несовпаѓање во оценувањето, се вклучува и трет оценувач. Конечната оценка се добива кога две од вкупно три оценувања ќе бидат идентични. |

## Прилог 5. Опис на вештината зборување

| ВЕШТИНА ЗБОРУВАЊЕ | |
|---|---|
| Времетраење | Од 15 до 30 минути |
| Содржина | **НИВО 1**<br>• најосновни изрази за учтивост<br>• едноставни биографски податоци<br>• основни потреби (нарачување оброци, обезбедување сместување и превоз, купување)<br>**НИВО 2**<br>• конкретни теми (работни процедури, семејство, лично минато и интереси, патувања, тековни настани)<br>• лични теми и теми поврзани со сместување<br>• информации поврзани со факти<br>**НИВО 3**<br>• практични, општествени и професионални теми<br>• апстрактни теми (економија, култура, наука, итн.) |
| Видови задачи | **НИВО 1**<br>• разменување поздрави<br>• претставување<br>• поставување прашања и одговарање на секојдневни едноставни прашања<br>• зборување за предвидливи лични потреби<br>• учество во кратки разговори<br>• справување со основни ситуации за преживување преку игра на доделени улоги (role-play)<br>**НИВО 2**<br>• детални описи на луѓе, места и/или нешта<br>• раскажување сегашни, минати и идни активности<br>• давање јасни инструкции и/или насоки<br>• зборување за актуелен настан<br>• справување со позната ситуација со компликација преку игра на доделени улоги (role-play)<br>**НИВО 3**<br>• поддржување мислења<br>• пренесување апстрактен концепт<br>• користење хипотези<br>• изнесување и бранење ставови<br>• разјаснување поенти<br>• решавање проблем во непозната ситуација преку игра на доделени улоги (role-play) |
| Можни теми | **НИВО 1 и 2**<br>Општи конкретни теми: лични и семејни вести (место на живеење, семејство, работа), оброци, временски услови, сместување, сообраќај и транспорт, патување, слободно време и забава, спорт, итн.<br>Воени теми: воена обука и воена кариера, учество во операции, мисии и вежби на |

| | |
|---|---|
| | НАТО и ПзМ, итн. |
| | **НИВО 3**<br>Општи апстрактни теми: животна средина, политика, економија, култура, наука, технологија, итн.<br>Воени теми: воена обука и воена кариера, учество во операции, мисии и вежби на НАТО и ПзМ, итн. |
| Оценување | Оценувањето се врши врз основа на јазикот произведен за време на интервјуто согласно описите за нивоата според скалата СТАНАГ 6001. Интервјуто се снима во аудио формат и се оценува независно од двајца оценувачи. Во случај на несовпаѓање во оценувањето, се вклучува и трет оценувач. Конечната оценка се добива кога две од вкупно три оценувања ќе бидат идентични. |

## Прилог 6. Пример прашања за тестот за вештината зборување

Good morning/afternoon! Please, take a seat! My name is _______________ and I will talk to you during the interview. This is my colleague _____________ and s/he will be listening to us.

**Почетна фаза**

🕐 3-4 минути

*Испитувач:* Could you introduce yourself, please?

*(Испитувачот поставува неколку дополнителни прашања, соодветно на испитаникот)*
Where do you live?
Who do you live with?
Where do you work?
Do you like travelling?
Do you travel a lot?
What kind of secondary education have you finished?

**Главна фаза**

🕐 20 -30 минути

*Во овој дел, можете да бидете прашани да одговорите на некои од следниве задачи. За секоја задача дадено е по едно прашање како илустрација.*

***НИВО 1***

***Краток разговор на одредена тема***

*Испитувач:* Do you like music?
What kind of music do you listen to?
Do you have a favourite artist?
What do you know about him/her?

***Поставување прашања***

*Испитувач:* Now, it is your turn to ask me several questions. You can ask me 4 questions about me and I will answer them.

Пример: How old are you?
Where do you live?
How many children do you have?

***Role-play***

*Испитувач:* Now, we'll do something different. I am going to give you a situation so that we can do a role-play. *(Испитувачот ја дава картичката на испитаникот.)* Here is your card. You have 30 seconds to read the card and think about the situation. I will start the role-play when time is up.

| |
|---|
| You want to move to a new apartment in another neighbourhood.<br>Ask the owner questions to find out more information about the apartment.<br>The interviewer will play the role of the owner. |

*НИВО 2*

***Раскажување во сегашно време***
*Испитувач:* Now, let us talk about the present! Tell me about your typical day at work.

***Давање инструкции***
*Испитувач:* Earlier you mentioned you give karate lessons to children. What kind of instructions do you give them?

***Давање насоки***
*Испитувач:* You said you live in ________. Can you give me the directions to your place of living?

***Опис***
*Испитувач:* Thank you! Now, let's move to another part of the interview. Can you please describe a place which you often visit.

*(Доколку описот е краток, испитувачот поставува неколку дополнителни прашања, соодветно на одговорот.)*

What else is there?
Where is it?
*Испитувач:* OK, thank you!

***Раскажување во минато време***
*Испитувач:* Now, let's talk about the past! When was the last time you traveled somewhere? Tell me more about it in detail.

***Зборување за факти (Известување за сегашен настан)***
*Испитувач:* Now, let's talk about current events. Can you tell me about some news you have read recently? Tell me more about it.

***Role-play***
*Испитувач:* Now, we'll do something different. I am going to give you a situation so that we can do a role-play. *(Испитувачот ја дава картичката на испитаникот.)* Here is your card. You have 30 seconds to read the card and think about the situation. I will start the role-play when time is up.

> While you are vacationing in a hotel in San Francisco, your child wakes up with a fever and a headache. You go to an all-night drugstore and ask for advice as to what to do or what nonprescription medicine to buy.
>
> Explain to the drugstore clerk what is wrong and try to get help with your purchase.
>
> The interviewer will play the role of the drugstore clerk.

***Раскажување во идно време***
*Испитувач:* Now, let's talk about some future plans! What are the next steps you are going to take in your professional career?

*НИВО 3*

***Искажување, поддржување или бранење ставови***

*Испитувач:* Thank you! Now let's talk about modern technology! Some people say that because of modern technology we are losing our communication skills. What is your opinion?

*(Доколку одговорот е краток, испитувачот поставува неколку дополнителни прашања, соодветно на одговорот)*

Дополнителни прашања:
- What can we do to improve our communication skills?
- What are the other factors that influence the communication skills?

***Користење хипотези***

*Испитувач:* If you were a professor at a university, teaching the subject "Communication Skills", how would you address the issue?

***Зборување на апстрактна тема***

*Испитувач:* Now let's talk about the meaning of success in our lives. Some people believe that success in life comes from taking risks or chances. Others believe that success results from careful planning. In your opinion, what does success come from? State specific reasons and examples to support your answer.

***Role-play***

*Испитувач:* Now, we'll do something different. I am going to give you a situation so that we can do a role-play. *(Испитувачот ја дава картичката на испитаникот.)* Here is your card. You have 30 seconds to read the card and think about the situation. I will start the role-play when time is up.

| |
|---|
| Arriving at an U.S. airport, you find out that your flight back to Europe has been cancelled for the day. However, you urgently need to fly back home.<br>Explain your problem to the desk officer and demand an option to fly back to your country on the same day.<br>The interviewer will play the role of the desk officer. |

**Завршна фаза**

🕖 3-4 минути

*Испитувач:* Thank you! How will you spend the rest of the day?

*Испитувач:* I have no further questions. It was my pleasure talking to you.

Прилог 7. Приговор на резултат

Република Северна Македонија

**Министерство за одбрана**

СЕКТОР ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

ДО Сектор за човечки ресурси
Одделение за политика, планирање и евалуација на обуката
- СТАНАГ 6001 тим -

**Предмет:** Приговор на резултат од тестирањето по СТАНАГ 6001, доставува.-

Во врска со тестирањето по англиски јазик по СТАНАГ 6001 кое се одржа од ______/ до __________________ година, по добиените резултати по службен пат на ден _______________ година, доставувам приговор согласно член 36 од „Упатство за начинот на постапување на специјалистите за јазично тестирање при изработка на тестови и спроведување на тестирање за владеење англиски јазик согласно СТАНАГ 6001“ во рок од 48 часа од добивањето на резултатот.

Приговор поднесувам за резултатот од вештина/и ________________________________________.

Приговорот го поднесувам со цел повторно да бидам тестиран/а за ________________________________________, од причина/и ______________________________________
_______________________________________________________________________________.

Однапред ви благодарам и се надевам дека приговорот ќе биде разгледан од ваша страна и ќе ми овозможите повторно тестирање за вештината/ините ________________________________.

Подносител на приговор, Датум ________________
______________________________

Сектор/ВП ______________________
електронска адреса ____________________________
телефон ________________